РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО
ЛОКАЛНА САМОУПРАВА
Бр. 04-294/10
14.02. 2025 год.
ДЕЛЧЕВО

Врз основа на член 23 став 4 од Законот за работни односи („Службен весник на Република Македонија“ бр. 62/2005; 106/2008; 161/2008; 114/2009; 130/2009; 149/2009; 50/2010; 52/2010; 124/2010; 47/2011; 11/2012; 39/2012; 13/2013; 25/2013; 170/2013; 187/2013; 113/2014; 20/2015; 33/2015; 72/2015; 129/2015 , 27/2016, 120/2018 и „Сл.весник на РСМ„ бр.110/2019 , 267/2020, 151/2021 , 288/2021, 111/2023) и член 11 став 13 од Законот за пожарникарство-пречистен текст („Сл.весник на РМ„ 168/2017) , Градоначалникот на Општина Делчево донесе

**ОДЛУКА**

**за избор на кандидат за вработување по Јавен оглас бр.1/2025 за работното место Пожарникар спасител во ТППЕ Делчево**

1. За извршител на работното место **Пожарникар спасител во ТППЕ Делчево, шифра ПОЖ0210В04000,** се избира кандидатот **Павле Ивановски** од Делчево.
2. Избраниот кандидат од точка 1 од оваа Одлука, ќе биде вработен во ТППЕ - Општина Делчево, по конечноста на оваа Одлука, со склучување на Договор за вработување .
3. Оваа Одлука влегува во сила со денот на нејзиното донесување.

***Образложение***

По објавениот Јавен оглас број 1/2025 на ден 05.02.2025 година, во дневните весници Коха и Вечер и на интернет страницата на Општина Делчево, за пополнување на 1 (едно) работно место во ТППЕ Делчево, Комисијата за селекција за кандидати по јавен оглас ,за пополнување на работното место во ТППЕ Делчево, формирана со Решение бр.04-294/6 од 12.02.2025 година, спроведе постапка за селекција по Јавен оглас. По извршената административна селекција /проверка на пристигнатите пријави и докази (Записник бр.04-294/7 од 13.02.2025 година), спроведената проверка на веродостојност на докази и интервју со кандидатите (Записник бр.04-294/8 од 14.02..2025 година), Комисијата изготви Конечна ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и достави Предлог за вработување по Јавен оглас бр.1/2025, бр.04-294/9 од 14.02.2025 година, за вработување на **Пожарникар спасител во ТППЕ Делчево.**

По спроведената постапка а врз основа на Конечната ранг листа на кандидати од сите фази на селекција и Предлогот за вработување по Јавен оглас бр.1/2025, Градоначалникот на Општина Делчево изврши избор како во диспозитивот на оваа Одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа Одлука дозволена е Жалба до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен , во рок од 8(осум) дена од денот на нејзиното објавување на интернет страницата и огласната табла на Општина Делчево.

Изработил: Советник С.Петровска

Одобрил: Секретар Б.Прачкоска

**ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО**
Градоначалник
Горан Трајковски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ОПШТИНА ДЕЛЧЕВО

*Доставено до*

- *Архива/досие*
- *Кандидатите*
- *Одделение за човечки ресурси*